Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 15 · 09 · 2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 4541/2 | 1 |

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) од 2 септември 2014 година, е констатирано **прекршување на член 103 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (на јавниот радиодифузен сервис не му е дозволено рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот на телевизиските програмски сервиси, освен во преноси и интегрални снимки на спортски натпревари, програма од сопствена продукција, друга програма произведена во Република Македонија, културни манифестации и настани од големо значење утврдени согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

На програмата на МРТ1 се регистрирани три блокови рекламни спотови во периодот од 17.00 до 21.00 часот, емитувани пред почетокот на Метео во 17:39:43 часот и во 20:14:52 часот, и пред почетокот на Дневник 2 во 19:30 часот.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Рекламен блок – пред Метео | 17:39:14 | 17:39:39 | Емитувани се блокови рекламни спотови во периодот од 17.00 до 21.00 часот, а коишто не се емитувани во преноси или интегрални снимки на спортски натпревари, програма од сопствена продукција, друга програма произведена во РМ, културни манифестации и настани од големо значење. |
| Рекламен блок – пред Дневник 2 | 19:28:01 | 19:30:18 | |
| Рекламен блок – пред Метео | 20:14:25 | 20:14:49 | |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 103 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 2 септември 2014 година, во периодот од 17.00 до 21.00 часот се емитувани блокови рекламни спотови, а коишто не се емитувани

во рамки на програми за кои е утврден исклучок во Законот, односно не се емитувани во преноси и интегрални снимки на спортски натпревари, програма од сопствена продукција, друга програма произведена во Република Македонија, културни манифестации и настани од големо значење.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*15.09.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 103 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).